# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19 и 31/20), во членот 11 став (1) точка 2) зборот „воениот“ се заменува со зборовите: „активниот воен“.

**Член 2**

Во членот 76 став 1 точката 3) се менува и гласи:
„3) секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности, се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување, во вршење на сите останати должности кои ги врши активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, согласно со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, кои не се опфатени во работите и должностите од точките 1) и 2) на овој член.“.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.